# ДЕНЕС ВО СКОПЈЕ ПОЧНУВА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Категорија: Вести Објавено на 03 Октомври 2012 Напишано од Aktiv! Посети: 145

Share Like 0 Send Tweet 0

Студиорум - Центар за регионални истражувања и соработка организира меѓународна конференција на тема “*Националните институции за човекови права и промоцијата и заштитата на Човековите права во Македонија и Западниот Балкан*“, што ќе се одржи **на 3ти и 4ти октомври 2012 година во ЕУ Инфо Центарот, во Скопје.**

Studiorum Center for Regional Policy Research and Cooperation

Целта на конференцијата е да послужи како платформа за претставниците од регионалните и европските Национални институции за човекови права (НИЧП), државните институции, како и за истражувачите и практичарите од областа на човековите права. На настанот ќе се дискутира за состојбите и предизвиците поврзани со човековите права и институционалните модели на НИЧП, со акцент на НИЧП во регионот и во Македонија. Воедно, учесниците ќе се фокусираат на најефективниот модел во случајот на Македонија, следејќи ги притоа Париските принципи.

Отворање на конференцијата е денес (3ти октомври) во 14.00 часот, со воведната сесија на која ќе учествуваат Иџет Мемети, Народен правобранител на Република Македонија, Сами Куртеши, Народен правобранител на Република Косово, како и Алмедина Кариќ, советничка на Народната правобранителка на Босна и Херцеговина.

Конференцијата се организира во рамките на проектот “Решавање на институционална сложувалка: Каков модел на Национална институција за Човекови права за Македонија”, со финансиска поддршка од Националната фондација за демократија од САД.

Заклучоците од конференцијата и други дополнителни материјали ќе бидат достапни на веб-страницата на Студиорум www.studiorum.org.mk

Add a comment...

Post to Facebook Posting as Neda Milevska (Not you?) Comment

Facebook social plugin

## НОВИ КАУЗИ

Stop na nacionalizmot
11 Members

Stop gjuajtjes me arme ne dasma - Stop za pukanje so oruzje na svadbi
9 Members

Чисти базени
8 Members

## НОВИ ПЕТИЦИИ

СТОП НА ПОСКАПУВАЊЕТО

SPEAKOUT - CONTROL ARMS

ПАРКИНГ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ПРЕД МИМ



Internews Local voices. Global change.

www.aktiv.org.mk was produced with support from Internews. The contents are the sole responsibility of Macedonian Institute for Media and do not necessarily reflect the views of Internews.

Copyright © 2012 Aktiv.org.mk. Сите права се заштитени. Developed by Orion Web.
www.aktiv.org.mk was produced with support from Internews. The contents are the sole responsibility of Macedonian Institute for Media and do not necessarily reflect the views of Internews.